


Број 2
март-април 2004


# БИЛТЕН за меѓурелигиска соработка

Buletin për bashkëpunim ndërreligjioz • Bilteno baš-o maškar konfesionalnikano jekhetano butikeripe • Dinlerası işbirliği bəlteni
Билтен за међурелигиску сарадњу • Simirida ti colaboratsii anamisa tuti religii
Bilten za međureligisku saradnju • Bulletin for inter-religiouse cooperation

Најдобри и најсреќни луѓе се тие што живеат долго и прават добри дела, а најлоши се оние што живеат долго, делата им се лоши
(Мухамед а.с)

## Подобро запознавање со другите религии

Како дел од програмата на МЦМС „Меѓурелигиска соработка во Македонија" (ПРМ), во текот на месецов, деканите на Факултетот за исламски науки и на Богословскиот факултет разменија предавања, а возвратни посети остварија и студентите на двата факултета.

На 11 март деканот на Факултетот за исламски науки, Исмаил Бардхи, за прв пат одржа предавање на Богословскиот факултет на тема „Куранска егзегеза". По тој повод, деканот на Богословскиот факултет, Јован Таковски, изјави: „За многумина ова е нешто ново, но ова е добар начин подобро да се запознаеме со другите религии. На овој начин се овозможува и подобар соживот во Македонија. Каде што има дијалог, има и место за разбирање".

Возвратното предавање се одржа на Факултетот за исламски науки на 15 март, оваа година, каде што деканот на Богословскиот факултет, Јован Таковски, одржа предавање на Факултетот за исламски науки на тема „Дефиниција, предмет и подела на догматиката, со скратено изложување на троичната и христолошката догма". Предавањето предизвика голем интерес од страна на студентите на овој факултет.

„Ова е позитивен чекор за двете заедници. Иако времето беше кратко, сепак успеавме да му поставиме доволно прашања на деканот на Богословскиот факултет. Интересот од наша страна да слушнеме повеќе беше навистина голем", ни рече Зухри Весели, студент на Факултетот за исламски науки.

Програмата ПРМ предвидува и меѓустудентска посета на двата факултета и теолошките средни училишта. Првата посета се оствари на 22 март, на тој начин што дваесет студенти од Богословскиот факултет го посетија Факултетот за исламски науки и Средното исламско училиште „Иса Бег Медресата", каде што имаа можност да се запознаат со професорите, студентите, како и просториите од овие образовни институции.

Деканот на Факултетот за исламски науки, Исмаил Бардхи, им се обрати на гостите: „Исламската религија не вели да не живееме заедно со христијаните, напротив, таа вели да живееме заедно со нив".

Импресии од посетите имаа и студентите: „Сите ние доаѓаме првпат во посета на овој факултет и на Медресата. Заедно со моите колеги имавме и порано некои иницијативи да оствариме една ваква посета, но немавме вистински контакти. Сега имаме шанса да им предложиме на колегите од Факултетот за исламски науки, со цел да се зближиме повеќе, да одиме заедно на кино, во театар, да разменуваме студентски весници и текстови. Ние спаѓаме во таа група што веруваат во тоа, тука сите сме исти", ни рече Александар Зашов, студент и секретар на Студентското друштво при Богословскиот факултет. Возвратната посета, т.е. посетата на студентите од Факултетот за исламски науки на Богословскиот факултет и Средното богословско училиште се одржа на 29 март.

Подготвиле: Даниел Медароски и Гламоз Шабани


страна 2-4 Активности на теолошките факултети
страна 5 Евангелско-методистичка црква
страна 6 Управен одбор и издавачки совет на ПРМ
страна 7 Религиозни групи
страна 8 Инфо

# Предавање на факултетот за исламски науки

**Деканот од Богословскиот факултет одржа предавање на Факултетот за исламски науки. Со ова предавање и предавањето на деканот од Факултетот за исламски науки на Богословскиот факултет се остварени првите меѓусебни предавања**



Во рамките на програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија, на 15.03.2004 година на Факултетот за исламски науки се одржа предавањето од д-р Јован Таковски, на темата „Дефиниција, предмет и поделба на догматиката, со скратено изложување на троичната и христолошката догма''. На предавањето учествуваа студентите од IV година од Факултетот за исламски науки.

Деканот Таковски во поздравното излагање го изрази своето задоволство од укажаната можност за остварување ваква размена на предавања и можноста за подобро меѓусебно запознавање и соработка помеѓу факултетите.

Воедно истакна дека меѓуверската соработка претставува нов предизвик за сите и дека ја поздравува иницијативата за меѓусебна соработка.

Во рамките на предавањето беше изложена дефиницијата на зборот догма, нејзиниот предмет и поделбата на догмата. Зборот догма е од грчко потекло и неговото значење е потврдена вистина. Религиозната мисла е мисла која е откриена од Бога.

Предавањето се однесуваше и на некои важни моменти од историјата на пророците Ное, Јаков, Мојсеј, Исус Христос и изложувањето на Троичната и Христолошката догма.

По предавањето студентите поставуваа прашања кои се однесуваа на оваа тема. Студентите истакнаа дека оваа средба е взаемно значајна и дека остварува можности за взаемна почит и размена на мислења.

Подготвил: Минур Хасани

# Втори возвратни предавања

**По првите возвратни предавања на деканите на теолошките факултети, професорите од овие образовни институции го започнаа и заокружија вториот круг предавања**



Вторите меѓусебни предавања започнаа со предавањето на д-р Метин Изети кој на 01.04.2004 година на студентите од Богословски факултет им се претстави со предавањето на тема „Исламска догматика-дефиниција на исламската догматика и нејзина поделба''.

По ова предавање д-р Петко Златески професор на Богословскиот факултет на 21.04.2004 година одржа предавање на Факултетот за исламски науки на тема „Паралела меѓу старозаветниот и новозаветниот морален закон''.

Предавањата се покажаа како многу интересни за студентите од двата факултета од теолошки аспект, така што преку овие предавања се овозможи продлабочување на нивните знаења.

Третите предавања се планирани за месец мај, така што на Богословскиот факултет предавање ќе одржи д-р Ахмет Шериф, професор на Факултетот за исламски науки, додека Ѓоко Ѓорѓевски професор од Богословскиот факултет ќе одржи предавање на Факултетот за исламски науки.

# Нови канцеларии на теолошките факултети

**Опремување на канцелариите на Богословскиот факултет и Факултетот за исламски науки**

На Богословскиот факултет и на Факултетот за исламски науки се отворија две канцеларии, кои се наменети за спроведување на активностите од програмата за Меѓурелигиска соработка (ПРМ). Во рамките на програмата ангажирани се два соработника на проекти на факултетите, кои се одговорни за координација на активностите од програмата. Опремувањето на канцелариите е дел од проектот „Техничка поддршка на теолошките факултети". Целта на овој проект е организациска поддршка на факултетите



и спроведување на активностите од програмата ПРМ.

Новоотворените канцеларии се комлетно опремени со канцелариска опрема, компјутери и интернет пристап. Канцелариите се отворени за студентите, за нивно запознавање и учество во програмата, како и за други активности кои студентите би сакале да ги спроведат на факултетите.

# Одржана е конференцијата Религиозен плурализам во Котор

Во организација на одделот за Историја на религија при Универзитетот во Осло и со финансиска поддршка на Министерството за надворешни работи на Норвешка во периодот 22.03.2004 до 25.03.2004 во Котор се оддржа конференција со наслов „Религиозен плурализам".

На конференцијата присуствуваа научници од оваа област од Норвешка, Македонија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора и Албанија. МЦМС учествуваше со еден претставник.

Целта на конференцијата беше да се поврзе група на истражувачи кои имаат интерес за истражувања за улогата на религијата во модерното општество, односно улогата на религијата во создавањето на националниот и етничкиот идентитет, образовната политика, теми кои се однесуваат на свети обиекти, меѓу-религиска соработка, за да се оствари слободна и целосна размена на знаења и идеи.

Конференцијата започна на 22.03.2004 година со воведно излагање на шефот на кабинет за религиозни прашања на западен Балкан од норвешкото министерство за надворешни работи Јан Брадо.

Во рамките на оваа конференција се разменуваа искуства за состојбите на различни земји во поглед на религиозни прашања.

На овој научен собир учествуваа дваесет научници од кои петнаесет од разни земји од Балканот и пет научници од Норвешка.

Норвешката група која содржи пет истражувачи се состоеше од три помлади истражувачи кои во моментов работат на проекти во Албанија, Босна, Косово и Македонија и два поискусни истражувачи кои работат на проекти кои се однесуваат на религиозниот плурализам.

Во рамките на конференцијата беа презентирани повеќе научни студии. Студиите се однесуваа на улогата и влијанието на религијата во овие земји. Накратко се презентирани состојбите во овие општества, а по предавањата се дебатираше по прашањата кои се однесуваа на улогата на религијата во општеството.

При презентирањето на студиите се направи споредба и на методологиите кои се користат во овие земји од страна на научниците, со цел да се согледаат начините на добивање на поквалитетни и поверодостојни податоци.

Конференцијата беше можност за широка размена на информации од областа на религијата од научен аспект. Оваа конференција овозможи запознавање на научници кои работат во областа на социологијата на религија и презентирање на аспектите на религијата во своите општества. На тој начин конференцијата беше можност за меѓусебно запознавање, запознавање со тековните случувања во земјите учеснички, како и создавање на услови за меѓусебна соработка во рамките на регионот.

Беше предложено да се оствари соработка помеѓу научниците од споменатите земји на повеќе начини и тоа: преку повторни средби од овој вид, создавање на интернет мрежа која ќе функционирала на тој начин што за сите новини и случувања научниците би биле во можност меѓусебно да контактираат и да соработуваат, создавање на регионални истражувања, како и евентуални преводи на веќе издадени истражувања на англиски јазик. Во овој контекст беше и претставувањето на еден интересен предлог кој се однесуваше на размена на предавачи во рамките на овие земји.

Сепак за наредната средба за дискусија се предложени следните теми: Улогата на религијата во граѓанското општество и политиката; Динамиката на религиозниот и економскиот развиток; Законите за религија; Религиски дијалог и религиозни симболи.

Подготвила Дервиша Хаџиќ

# Посета на Факултетот за исламски науки

**Студентите од Богословскиот факултет го посетија Факултетот за исламски науки и Средното исламско училиште „Иса Бег Медреса"**

Во рамките на проектот Меѓурелигиска соработка во Македонија, на 22.03.2004



год. во 10 часот, група студенти, заедно со продеканот проф. д-р Јован Белчовски и управата на Богословскиот факултет, предводени од координаторот на проектот Дејан Димитријевски, ги посетија Факултетот за исламски науки и Средното исламско училиште ,,Иса Бег Медреса,,.

Прво го посетивме факултетот каде што наидовме на одличен пречек. За сите нас ова беше убав момент надополнет со примеси на љубопитност кон нешто ново, желба да се запознаеме со луѓе кои имаат исти потреби и исти интереси како нас. Луѓето што нè пречекаа зрачеа со позитивна енергија, која се надополни со доаѓањето на почитуваниот декан г. Исмаил Бардхи.

На самиот почеток од средбата деканот Бардхи ја претстави историјата на Факултетот за исламски науки и во отворен дијалог со студентите ја искажа радоста за нашата посета и можноста за отворена дискусија и соработка. Објаснувајќи за факултетот, деканот ги истакна радосните моменти, но за жал и проблемите со кои се соочуваат, а сето тоа беше пропратено со прашања од продеканот на Богословскиот факултет д-р Јован Белчовски и од нас студентите. Главната тема на дискусијата, пред сè, беше науката, како и современиот начин на живеење и религијата.

Домаќините најљубезно ни ги покажаа просториите на факултетот, од кои, за нас студентите, најинтересна беше библиотеката. Во разгледувањето ни се придружија и студентите од Факултетот за исламски науки, кои со задоволство ни ја покажаа библиотеката и отворено дискутиравме на многу теми. Во одлично средената библиотека нè изненади изборот на литературата на повеќе јазици, а особено старите ракописи.

За поминатото време заедно, успеавме меѓусебно да се запознаеме, да размениме мислења околу понатамошната соработка и веќе ја испланиравме нашата идна средба.

Откако се разделивме со нашите пријатели од Факултетот за исламски науки, се упативме кон Средното исламско училиште ,,Иса Бег Медреса''. Заклучивме дека начинот на живеење на учениците, сместувањето во интернат и дисциплината во многу нешта се слични со Средното богословско училиште. Овде, исто така се забележа потребата од взаемна комуникација, којашто благодарејќи на проектот, нуди отворена можност за меѓусебна соработка во иднина. Исполнети со пријатни чувства од средбата, се разделивме со нашите пријатели, со надеж за повторна средба, се упативме назад кон факултетот, разговарајќи за стекнатите познанства и искуства.

Подготвил : Дејан Димитријевски

# Дочек за секоја почит

**Студентите од Факултетот за исламски науки остварија возвратна посета на Богословскиот факултет и Средното Богословско училиште**

Во рамките на проектот ,,Посети на теолошките училишта'' од програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија, на 29.03.2004 година, студентите и некои од професорите од Факултетот за исламски науки остварија посета на Богословскиот факултет ,,Св. Климент Охридски'' и на Средното богословско училиште.

На Богословскиот факултет беа пречекани од деканот на факултетот Јован Таковски, кој наедно одржа поздравен говор посакувајќи им добредојде на гостите истакнувајќи дека посетата има исклучително големо значење затоа што овозможува меѓусебно запознавање, придонесува за зголемување на меѓусебната почит и овозможува подобра иднина на нашата земја.

По говорот, гостите од Факултетот за исламски науки имаа можност да се запознаат и со студентите од Богословскиот факултет кои им ги претставија просториите на факултетот, почнувајќи од училниците, кабинетите, канцелариите и библиотеката каде што студентите имаа можност да ги разгледаат книгите и изданијата со кои располага библиотеката.

На крајот од посетата беше организиран коктел од страна на домаќините, со цел за подобро меѓусебно запознавање.

По оваа посета беше остварена и посетата на Средното богословско училиште во Драчево. Студентите беа дочекани со елан и желба за меѓусебна соработка од страна на учениците и професорите на средното училиште. Наедно беа претставени и просториите на средното училиште, така што студентите имаа можност да се запознаат со просториите на оваа институција.

Импресиите на студентите од Факултетот за исламски науки беа дека оваа посета им овозможи блиски средби и запознавања, како со студентите на Богословскиот факултет, така и со учениците од средното училиште. Тие истакнаа дека се многу среќни затоа што на виделина излегува една вистина, дека верските заедници многу лесно можат да соработуваат. Студентите од Факултетот за исламски науки им се заблагодаруваат на вработените од МЦМС кои овозможија преку овој проект да се воспостави една искрена соработка помеѓу верските заедници и овозможија младите од двете вери да се запознаат подобро и да разменат



мислења.

Подготвил: Минур Хасани

# Светски екуменски молитвен ден на жените

Светскиот екуменски молитвен ден на жените (СЕМДЖ) е Интернационално движење на верните жени, без оглед на која вера или нација припаѓаат.

Секоја година, различна земја, имено различна верска заедница (црква), дава тема за размислување врз основа на Библијата. Оваа година тоа го направија сестрите од Панама. Часот на одржувањето на богослужбата е одреден во секоја земја; така што првиот петок од март, 24 часа непрекинато сестрите се на молитва, ја искажуваат својата вера и молитва за водството Божјо над секој народ, вера, култура.

Во подготовките на СЕМДЖ подеднакво учествуваат сестрите од Католичката црква, Православната црква и Евангелско-методистичката црква. Сепак, сакам да го нагласам несебичното залагање на г-ца Соња Каранџуловска од МПЦ за уметничката реализација на оваа богослужба. За да се долови менталитетот и обичаите на Панама, сестрите се потрудија да направат костуми приближни до нивната традиционална облека.

ЕСМДЖ оваа година се одржа во просториите на Католичката црква, којашто несебично секогаш ги отвора вратите за соработка, меѓусебно дружење и прославување на Спасителот и Господ Исус Христос. Поканата важеше за секој верник, без оглед од која црква доаѓа, затоа што само така Бог ја оправдува секоја духовна активност на верникот.

Верните сестри од Панама порачаа: „Жените го обликуваат светот". Но како? „Семоќен Боже, исполнет со љубов, Го славиме и величаме Твоето име, Ти си Алфа и Омега, Почетокот и Свршетокот. Ти благодариме за овој ден, во кој можеме, ние, жените од Панама, во слобода да славиме богослужба - заедно со сестрите и браќата низ светот. Ние се обраќаме кон Тебе, молиме за Твојот благослов и Ти благодариме за Твојата љубов, Твојата милост и Твојата благонаклоност. Боже, направи нѐ едно во Тебе. Помогни ни да се смириме, отвори нѐ за Твоето слово. Разбуди го во нас копнежот да бидеме тука, само за Тебе„.

Еден од најстарите занаети во светот е грнчарството, коешто го има и во Панама. Сестрите од Панама направија добра споредба. Како што грнчарот ја оформува глината по своја желба, така и Духот Божји го оформува нашиот живот. На тој начин мажите, жените, децата, стануваат единствени во Божјите раце. Така Бог нѐ ополномоштува и ние духовно да го обликуваме светот, имено нѐ прави садови достојни за употреба. Нека



е прославено Неговото Име сега и во сите векови, Амин.

Подготвила: Милица Попризова

# Комеморативната богослужба на претседателот Борис Трајковски

**Дел од комеморативната богослужба која се одржа во Евангелско-методистичката црква, по повод смртта на нашиот брат во Христа и претседател на Република Македонија, Борис Трајковски**

Во овие мигови на тага, како Црква, сочувствуваме со неговата сопруга Вилма со децата, неговиот татко, бабата, дедото, браќата и пошироко негово семејство. Наедно, мислиме и на другите семејства кои ги изгубија своите блиски; сите нив ги довеЌуваме во рацете на Семоќниот и добар Бог.

Во овие тешки моменти, во рацете на Бога го довеЌуваме целиот нѝ народ и нашите власти.

Тој ми зборуваше дека чувствува како Бог е со него и тоа чувство него го правеше цврст и непоколеблив кон предвизиците, но често и несвесен за опасностите кои го демнеа.

Во прва Коринтијани, глава 13 „За љубовта", која ја прочитавме, се зборува дека не сме совршени во љубовта, ако не сме допрени од Божјата љубов.

„Да зборувам на сите човечки јазици, па дури и на ангелски, што љубов немам, ќе бидам бакар што ѕвони, или кимвал што ѕвечи..."

Бог е љубов, Бог го сака секој човек, без разлика од која нација, вера и култура е.

Борис сакаше да оди по патот на трпението, помирувањето, патот на непристрасноста, патот на љубовта.

Нека Бог даде ова дело на мирот и помирувањето, за кое се залагаше нашиот брат, да биде продолжено.

Епископот Хајнрих Болетер, пред одарот на покојниот брат Борис, се помоли на Севишниот Бог, со зборовите:

„Вечни Боже, Ти го сподели со нас животот на претседателот Борис Трајковски. Пред да стане наш, тој беше Твој. Ти благодариме за сѐ што Борис Трајковски им даде на семејството, на црквата и на нацијата. Сега кога го враќаме Борис Трајковски во Твоите прегратки, утеши нѐ во нашата осаменост и дај ни храброст да се соочиме со иднината без страв. Се молиме за семејството, за сите пријатели кои се блиску и кои се далеку,



се молиме за државата и за македонскиот народ; во името на Исус Христос, нашиот Господ." Амин.

Михаил Цеков
Проповедник

# Седница на Управниот одбор на програмата ПРМ



**Одржана е втората седница на Управниот одбор за програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија ПРМ**

На 17.03.2004 година во просториите на МЦМС се одржа втората средба на Управниот одбор на програмата ПРМ.

На состанокот на Управувачкиот одбор учествуваа Ратомир Грозданоски - Македонска православна црква (МПЦ); Јован Таковски декан на Богословскиот факултет Св. Климент Охридски; Јакуп Селимовски - Исламска заедница во Република Македонија (ИЗ); Исмаил Бардхи декан на Факултет за исламски науки - Скопје; Спасо Ристов - Католичка црква во Македонија (КЦМ); Виктор Мизрахи - Еврејска заедница во Република Македонија (ЕЗРМ); Михаил Цеков - Евангелско-методистичка црква во Република Македонија (ЕМЦ); Франсоа Перез - Норвешка црковна помош (НЦА); Александар Кржаловски - Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС); Миодраг Колиќ (МЦМС) и Дервиша Хаџиќ (МЦМС).

Седницата започна со разгледување на Записникот од првата средба на Управувачката група.

На свиканата седница се заседаваше според следниов дневен ред: Разгледување на извештајот за тековните активности на програмата ПРМ, Утврдување на измените на програмата; воспоставување на односи со медиумите; следни активности.

Во месец мај планирано е да се одржи третата седница на управувачкиот одбор од програмата меѓурелигиска соработка во Македонија. На средбата ќе биде разгледуван прогресот на програмата, како и идните активности кои треба да се реализираат во рамките на ПРМ.

# Седница на Издавачкиот совет на програмата ПРМ

**Одржана е втората седница на Издавчкиот совет за програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија**

На 17.03.2004 година во просториите на МЦМС се одржа втората седницата на Издавачкиот совет на програмата ПРМ. На седницата присуствуваа Ѓоко Ѓорѓевски - Македонска Православна Црква (МПЦ); Метин Изети - Исламска заедница во РМ (ИЗ); Марјан Ристов - Католичка црква во Македонија (КЦМ); Виктор Мизрахи - Еврејска заедница во Р.М. (ЕЗРМ); Милица Поприզова - Евангелско-методистичка црква (ЕМЦ); Александар Кржаловски – (МЦМС); Дејан Димитријевски - соработник на проекти од Богословски факултет; Ирсал Јакупи - соработник на проекти од Факултет за исламски науки; Миодраг Колиќ – (МЦМС); Дервиша Хаџиќ (МЦМС). На седницата беше разгледан записникот од првата средба на издавачкиот совет, а се дискутираше според следниот дневен ред: разгледување на извештајот за тековните активности од програмата ПРМ; утврдување на измените на програмата; утврдување на начинот на функционирање на инфоканцеларијата; следни активности.

# Планирани активности

**Во месец мај планирано е да се започне спроведувањето на новите проекти од програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија**

За месец мај во рамките на проектот Семинари и работилници, бр. 04-10 ПРМ 202 на 17.05 2004 година ќе се одржи работилница на тема „Реформа на верското образование во рамките на Исламска верска заедница".

Истиот месец е планирано да се одржат деновите на верските заедници. Со проектот се предвидува претставување на црквите и верските заедници, како и нивните хуманитарни и добротворни организации на општата јавност. Саемот ќе се состои од изложбен и форумски дел. Локација на одржување на саемот ќе биде дом на АРМ.

Во рамките на проектот Раководење со проектен циклус (РПЦ), бр.04-10 РПЦ 201 при крајот на мај и почетокот на јуни во Крушево ќе се одржи РПЦ обука за верските заедници. Целта на на програмата е јакнење на знаењата и вештините за управувањето со проектите од почетното планирање, преку спроведувањето, до крајното оценување на ефектите од проектот. Обуката е наменета за верските заедници и религиозни групи, како и за хуманитарните организации и здруженија кои работат во нивните рамки.

# Евангелска црква во Македонија

### Улогата на религијата манифестирана преку грижата за другите

Човековиот духовен живот е комплексен и тој се развива преку неколку разни облици: преку религија, морал, наука, филозофија, уметност и друго. Сите тие негови манифестации се слични, ама во нешто се и разликуваат и интересно е што секоја од тие манифестации помалку или повеќе е слична со религијата. Затоа и доаѓало до грешки низ историјата дури и од страната на поедини научници или системи, религијата да ја идентификуваат со некоја од овие активности или дури да се замени со некоја од нив. Како пример, обидот верата кај луѓето да се замени со дијалектичкиот материјализам (тоа е нешто научно-филозофски воздигнато на ниво на религијата). Друг случај е обидот на рационалистите во 18 и 19 век религијата да ја заменат со моралот или со уметноста и науката во 19 век од противниците на религијата



Евангелската црква е дел од Евангелско-протестантските цркви во светот. Евангелската црква во Република Македонија (ЕЦРМ) е релативно младо движење и како такво постои во последните неколку години во Македонија. Секако, во светски размери тоа и не е толку младо движење. Движењето е дел од меѓународната асоцијација на европските и светските евангелски цркви, чиј што број на верници изнесува од 350 до 400 милиони и претставува едно од движењета со најбрз црковен раст. Заедно во групата со сите други протестантски цркви во светот, бројката изнесува околу една милијарда верници.

Повеќето религиозни или верски групации во своето дејствување имаат зацртано и милосрдни активности. Потребата за ова е присутна заради сиромаштијата во секое општество. Секако, ова е проблем со кој најнапред треба да се сретне системот на државата, но како и да е, потребата е толку голема, често пати и толку итна, така што верските заедници не можат и не смеат да останат слепи и глуви на реалноста што се случува околу нив. Одговорноста на поединецот, припадник на верската заедница, е да му помогне на својот ближен, но секако тоа може да се направи на многу подобар начин, ако биде организирано.

Грижата за сиромашните и за оние кои се обесправени постојано се провејува низ Светото Писмо и таа грижа претставува една од одговорностите на Евангелската црква. За таа цел е организирана хуманитарната дејност „Агапе" и во последните неколку години најголем дел од хуманата дејност се спроведува токму преку оваа организација. Огромна беше помошта во храна, облека, медицински лекови и други основи работи за егзистенција, којашто беше поделена на бегалците за време на косовската криза. Илјадници семејства ја примија помошта, а некои од нив беа згрижени и просторно.

Понатаму, за време на внатрешните конфликти во Македонија подеднакво беа помагани внатрешно раселените, лица без разлика на својата верска или етничка припадност. Секако, со таков вид помош секојдневно се опфатени и голем број семејства кои се социјално загрозени. Веќе неколку години функционира јавна кујна која што обезбедува еден оброк дневно за сиромашни деца, претежно Роми, а има и други милосрдни активности. Во сето тоа не смееме да заборавиме дека првенствено сме должни кон оние кои се најблиску до нас. Така, имаме одговорност за оние членови по нашите заедници кои не можат да опстанат без помошта на верската заедница.

Црквата не смее да заборави дека луѓето имаат вистински духовни, но и телесни потреби. Активностите на решавањето на едните и на другите е најдобро да бидат ускладени, да не се создаде од една страна само непробојна духовна мистична заедница, а ниту, пак, од друга страна, да се стане само социјален клуб.

ЕЦРМ се наоѓа на улица Франклин Рузвелт бр 16, 1000 Скопје. За сите информации ЕЦРМ може да се контактира на телефон 3111-457 од 09.00 часот до 16.00 часот секој работен ден.

Подготвил: Мирчо Андреев
Претседател на ЕЦРМ

# Новоапостолска црква

Новоапостолската црква е интернационална црква којашто настанала во 1832 година во Англија.

Новоапостолската црква во Македонија е составен дел од Новоапостолската црква - интернационал. Таа во Македонија е присутна од 1993 година и нејзиното основање во земјава беше овозможено од престојот и патувањата на носители на служба од Сојузна Република Германија.

Во рамките на црквата излегува и списанието „Наша фамилија", коешто читателите во Република Македонија имаат можност да го добиваат еднаш во два месеца.

Новоапостолската црква во Македонија е активна и во поглед на хуманитарната помош, особено насочена на поддршка и помагање на децата и старите и изнемоштени лица. Во таа смисла, таа досега оствари повеќе хуманитарни акции, како на пример помош за Детската клиника во Скопје, на Домот за стари и изнемоштени лица во Скопје, на Домот за стари лица во Прилеп итн.

Новоапостолската црква се наоѓа на ул. Његошева бр. 24, 1000 Скопје. За сите информации може да се контактира на телефон 3082-997 секој работен ден.

Подготвил: Стојан Маневски

Управниот одбор на МЦМС на 3-та седница одржана на 06.04.2004 година ја донесе одлуката за одобрување на измена на проектот Меѓуверски календари, бр. 03-10 ПРМ 302.
На 4-та седница Управниот одбор на МЦМС одобри осум проекти од програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија (ПРМ): посети на верски објекти и служби, бр. 04-10 ПРМ 102; денови на верските заедници, бр.04-10 ПРМ 103; летни кампови, бр.04-10 ПРМ 104; обука на тема РПЦ (Раководење со проектен циклус), бр.04-10 ПРМ 201; работилници, состаноци и семинари, бр.04-10 ПРМ 202; семинар на тема меѓуверски дијалог, бр.04-10 ПРМ 203; адресар на верските заедници, бр.04-10 ПРМ 301; компаративни студии и преводи, бр. 04-10 ПРМ 302.

## Двомесечна информативна публикација Билтен за меѓурелигиска соработка

Издавач: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС); Македонска православна црква (МПЦ), Исламска заедница во Р. Македонија (ИЗ), Католичка црква (КЦ), Еврејска заедница во Р. Македонија (ЕЗ), Евангелско-методистичка црква (ЕМЦ).

Издавачки совет: Александар Кржаловски (МЦМС), Ѓоко Ѓорѓевски (МПЦ), Метин Изети (ИЗ), Дон Мато Јаковиќ (КЦ), Виктор Мизрахи (ЕЗ), Милица Попризова (ЕМЦ).
Главен и одговорен уредник: Александар Кржаловски
Лектура: Даниел Медароски
Дизајн: Кома,
тираж: 500 примероци
Печати : Боро графика
Финансирано од Норвешката и Данската црковна помош.

Рег бр. 02-161/2

## Регистрирани верски заедници и религиозни групи во Македонија

1. **Македонска православна црква**
   Бул. „Партизански одреди", 12, Скопје
2. **Исламска верска заедница**
   Ул.„Чаирска" 52, Скопје,
3. **Католичка црква**
   Ул. „Ристо Шишков"31, Скопје,
4. **Еврејска верска заедница во РМ**
   Ул. „Борка Талески"24, Скопје
5. **Евангелско-методистичка црква во РМ**
   Ул. „Дебарце" 9, Скопје
6. **Христијанска адвентистичка црква**
7. **Баптистичка црква**
8. **Јеховини сведоци**
9. **Исламска еренлерска тариканска верска заедница во Македонија**
10. **Сатја Саи центар**
11. **Ваишнавска верска заедница**
12. **Прахристијанска заедница-универзален живот**
13. **Бекташиска заедница во РМ**
14. **Евангелска црква Скопје**
15. **Христијанска црква „Слово на надеж"**
16. **Црква Божја во РМ**
17. **Христијанска религиозна група Нова надеж**
18. **Религиозна група христијанска црква Божји глас**
19. **Меѓународна црква Христос Скопје**
20. **Независна Христова црква**
21. **Новоапостолска црква во Македонија**
22. **Евангелско-конгрешанска црква**
23. **Христијанска пентекосна црква**

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
,,Никола Парапунов'' бб, п. фах 55,
МК-1060 Скопје
тел.: 02/3065-381, факс: 02/3065-298
E-mail: mcms@mcms.org.mk